Sonja Naumovska
Digitally signed by Sonja Naumovska
DN: C=MK, OU=VAT - 4010004103602, OID.2.5.4.97=NTRMK-6011012, O=Opstina Demir Hisar, SERIALNUMBER=173211, T=Rakovoditel na oddelenie za urbanizam, SN=Naumovska, G=Sonja, CN=Sonja Naumovska
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2022-03-16 14:43:08

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
***Одделение за урбанизам, зжс***
***и комунални дејности***
**Број 11-158/4 од 10.03.2022год.**

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар (03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) и член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20), Градоначалникот на Општина Демир Хисар , по доставен Записник и Предлог-Одлука за одобрување на Проектна програма од страна на Комисијата за урбанизам, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Се одобрува Проектна Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр.1853 м.в. Прчи Дол, КО Слепче, општина Демир Хисар

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Инвеститорот Мегаволтаик ДОО Скопје, со седиште на ул. „Пелистерска“, бр. 2-1/2 Карпош – Скопје, преку полномошник „Гео Балкан“ ДООЕЛ Битола, поднесе барање преку информацискиот систем е-урбанизам со број 11-158/1 од 04-02-2022год., за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани, изработена од Друштво за геодетски работи, трговија и услуги „Гео Балкан“ увоз-извоз ДООЕЛ Битола, кој поседува лиценца за изработка на Урбанистички планови број 0082, издадена од Министерство за транспорт и врски на 04.08.2014 година, со важност до 04.08.2024 година.
Со барањето ја приложи следната документација:

1. Проектна програма потпишана и заверена од инвеститор со техн.бр. 11-49/2021, Ноември;
2. Услови за планирање на просторот со техн.број У36821, издадени од Агенција за планирање на просторот, Бр. 0804-153/1 од 01-02-2022год.;
3. Решение за услови за планирање на просторот со Арх.бр. УП1-15204/2022 од 15.02.2022 година, издадени од Министерство за животна средина и просторно планирање
4. Одлука Бр.17-1175/4 од 16.12.2021 година, донесена од Советот на Општина Демир Хисар

5. Геодетски елаборат за Ажурирана геодетска подлога, заверен од АКН, изработен од „ГЕО БАЛКАН" ДООЕЛ Битола, со дел.бр. 08-526/5 од 05.11.2021 година
6. Полномошно од инвеститор, бр. УЗП 4802/2021 од 16.11.2021 година

Комисијата за урбанизам на Општина Демир Хисар, формирана со Решение бр. 08-949/1 од 19.10.2020 година Решение бр. 08-1125/1 од 19.11.2021 година, согласно член 38 став 8 и член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање достави до Градоначалникот Предлог за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр.1853 м.в. „Прчи Дол", КО Слепче, општина Демир Хисар.

Врз основа на изнесеното, а согласно член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

***Изработил*:Катерина Радовска**
***Одобрил:* Соња Наумовска**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски**